Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон (“Службен весник на Република Македонија“ 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА УВОЗНИТЕ ДАВАЧКИ ЗА**
**УВОЗ НА СВЕЖ ЗЕЛЕНЧУК**

**Член 1**

Со оваа одлука се пропишува мерка за намалување на увозните давачки - царинските стапки и посебните давачки при увоз на свеж зеленчук и тоа:

| Тарифна ознака | Наименување | Царинска стапка (во %) |
|---|---|---|
| 0703 | Кромид, алма, лук, праз и други лукови, свежи или разладени: | |
| 0703 10 | - Кромид и алма: | |
| | -- Кромид: | |
| | -- Друго: | |
| 0703 10 19 90 | --- Од 01 октомври до 31 март | 10 |
| 0703 90 | - Праз и други лукови: | |
| 0703 90 00 90 | -- Друго | 10 |
| 0704 10 | - Карфиол и брокола: | |
| 0704 10 10 00 | -- Карфиол и главичеста брокола (headed broccoli) | 10 |
| 0705 | Салата (Lactuca sativa) и цикорија (Cichorium spp.), свежи или разладени: | |
| | - Салата: | |
| 0705 11 00 00 | -- Главичеста салата | 10 |
| 0705 19 00 00 | -- Друга | 10 |
| 0706 | Моркови, бросква или репка угарница (бела репка), цвекло, целер, коренаш, ‘рдокви и сличен коренест зеленчук за јадење, свеж или разладен: | |
| 0706 10 00 00 | - Моркови, бросква или репка угарница (бела репка) | 10 |
| 0709 | Друг зеленчук, свеж или разладен: | |
| 0709 30 00 00 | - Модар патлиџан | 10 |
| 0709 93 | -- Тикви, тиквички и украсни тиквички (Curcubita spp.): | |
| 0709 93 10 00 | --- Тиквички | 10 |
| 0709 99 | -- Друго: | |
| 0709 99 10 00 | --- Зеленчук за салата, освен зелена салата (Lactuca sativa) и сладок корен (Cichorium spp.) | 10 |

**Член 2**

Стоките од членот 1 од оваа одлука ќе се увезуваат заклучно со 28 февруари 2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Сев ерна Македонија“.